*Ш. Рахими*

# ЃЕРЃ КАСТРИОТ — СКЕНДЕРБЕГ

Кога сме пред прославата на 500-годишнината од смртта на Скендербег, сметаме за потребно да изнесеме некои општи и основни карактеристики за овој, во историјата познат борец против турските освојувачи, личност за која се објавени преку илјада наслови на 21 различен јазик, како и за општествените и историските услови во кои тој дејствуваше. Личноста на Скендербег станала легенда и незаборавна не само за албанскиот народ и неговата историја, туку неговата личност ги надмина рамките на албанската историја и стана личност од европско значење, за што потврдуваат и објавените публикации на разни европски и други јазици.

За правилно оценување на личноста на Скендербег, и неговото значење за албанската средновековна историја, неопходно е пред се да се прикажат внатрешните и надворешните фактори, што ја условиле и овозможиле неговата појава и делување.

Феудалните односи кај албанскиот народ се развиваа и се зацврснаа во текот на VIII и IX век, под влијанието на Византија, а подоцна, во текот на развиениот феудализам, под влијанието на Анжуинците и на средновековната српска држава. За време на тој период кај албанското население настанаа големи општествено-економски диференцијации. Од поранешната племенска аристократија се создаде феудалната аристократија, која служеше на владарите, кои ги држеа албанските земји под нивна власт. Така, со време, во сите предели на Албанија се создадоа истакнати феудални фамилии со големи феудални поседи. Во текот на XIV век поистакнати феудални фамилии беа:

Шпата, Арианити и Зенебишти во јужна Албанија; Топији, Музаки и Матранги во средна Албанија; и Балши, кои се простираа до Призрен, во северна Албанија пределите од Леш до реката Дрим беа посед на Дукаѓинците, додека Мат и Дебарско станаа посед на феудалната фамилија Кастриоти.

Овие феудални фамилии, честопати беа во непријателски односи, водејќи меѓусебни борби поради нивните незаситни територијални претензии.

Од другата страна беа селските сиромашни слоеви, кои беа бездушно експлоатирани како од страна на владеачките држави, така и од страна на месните феудалци и црква, кои служеа како верно оружје на споменатите феудални држави.

Појавата на турските освојувачи, во втората половина на XIV век на Балканскиот Полуостров, претставуваше голема опасност за сите албански општествени слоеви. Меѓутоа, некои феудални фамилии, за да ги сочуваат своите привилегии и поседи, признаа турската власт и стапија во вазални односи, додека еден дел на феудалците кои се бореа против Турците, ги изгубија своите поседи.

Со воспоставувањето на турско воено-феудалниот систем во албанските земји, општествено-економската состојба на населението

станува уште потешка и понеподнослива. Оваа тешка состојба ги принуди албанските широки маси да се одлучат на вооружен отпор против турската власт. Албанските феудалци, кои ги беа изгубиле своите поседи, чекаа една ваква ситуација и беа готови да се стават на чело на овој отпор против турската власт. Таква прилика им се даде во 1402 година, кога Турците беа принудени да се бијат со Татарите кај Ангора. Меѓутоа, оваа прилика ја искористи и Млетачката република, која ги заседе Драч, Скадар, Леш, Бар и Улцињ.

По овие настани Турците одново ја нападнаа Албанија во 1915 год. и ги заседоа Валона и Круја. Многу албански феудалци беа принудени повторно да ја признаат турската власт и да стапат во вазални односи. Меѓу тие феудалци беше и Џон (Јован) Кастриоти, таткото на Скендербег, кој стана вазал на султан Мехмед И. Но, без оглед на тоа, Џони продолжи и понатаму да води една самостојна политика во својот посед со центар во Круја. Со доаѓањето на султан Мурат II, во 1421 година, на турскиот престол, почнува втората фаза на зацврстување на турската власт во балканските предели. Многу албански феудалци беа принудени да ја признаат врховната турска власт и да плаќаат одредена сума пари. Тоа го направи и таткото на Скендербег, Џон Кастриоти, кој, освен останатото, требаше да ја отстапи на султанот тврдината Светиград и во 1423 година, ги даде своите синови како заложници на султановиот двор.

Најмладиот син на Џон, Ѓерѓ Кастриоти, бил тогаш на 18 години. По одведувањето во султановиот двор, бил исламизиран и, добил име Искендер (Александар Велики). За време на престојот, Ѓерѓ се здобил со одлични воени знаења и како таков бил испратен во војни што ги водеа Турците во Азија. Во тие војни тој се покажа како храбар и добар борец, заради што доби голема доверба и симпатии од султан Мурат II. Меѓутоа, тој и понатаму криел во себе желба да се врати во татковината и да се ослободи од турското ропство. Тој не сакал оваа прилика да ја искористи за да добие висок општествен положај, туку остана верен на традициите на свој народ.

За време на неговиот престој во султановиот двор, селските маси во Албанија неколку пати се кренаа на востание против турската феудална власт, меѓутоа, тие востанија честопати имаа локален карактер. Едно востание со поширок карактер избувна 1430 година и го зафати скоро сето албанско население. Турската власт му довери на Исак бег Евренос со воена сила да го задуши ова востание. Во текот на задушувањето тој се одмаздуваше на албанските народни маси.

Иако Барлети тврди дека Скендербег за сето време до 1443 година бил во Азија, од турските документи може да се установи дека тој бил испратен за санџакбег во Круја од 1438—1440, а од ово време, па до неговото одење во војна кај Ниш 1443 година, се верува дека бил санџакбег во Дебар. Врз база на ова може да се тврди дека тој, пред да тргне против Унгарците, припремил терен за едно општо востание, што се потврдува и со пречекот што му го приредиле албанските народни маси, кога избегал од турската војска.

Кога унгарско-полскиот крал Владислав, со помошта на кардиналот Јулијан Цезарини, Јанко Хуниади и Ѓорѓе Бранковиќ, припремаше војска, да крене против турските освојувачи на Балканскиот Полуостров, кои ја загрозија и независноста на Унгарија, тие успеаја, во ноември 1443 година, да ја разбијат турската војска кај Ниш, која се распрска на сите страни. Скендербег, кој командуваше едно крило на турската војска од Македонија, ја искористи оваа прилика за да го оствари својот поранешен план. Имено, штом забележа дека турската војска, под команда на румелискиот бејлербег Ќазим паша, е разбиена, успеа да го фати тајниот секретар на бејлербег и да му изнуди ферман, со кој од страна на султанот, му се наредува на управувачот на Круја веднаш да го предаде градот на Скендербег. Штом го доби тој ферман со потпис и печат, Скендербег му ја отсече главата на тајниот секретар, па со своите одбрани 300 албански коњаници и со својот внук Хамза (син на Станиша) се врати во својата татковина, каде ја превзеде власта и ги повика народните маси на востание против турската власт. Треба да се подвлече дека тој повторно се прекрстил. Со помошта на народните маси тој успеа, до крајот на 1443 година, да ослободи од турските гарнизони неколку градови. Во почетокот на 1444 година, тој успеа да се зацврсти во тврдините, кои беа многу значајни за одбрана од турската војска, како што беа: Пертабла, Пертела, Стелуши и Светиград. Во овие тврдини тој постави свои гарнизони од народната војска и ги зацврсти ѕидиштата за да можат да ес одбранат од нападите на турската војска.

За неколку месеци Скендербег, со помошта на народните маси, успеа да ја ослободи сета Средна Албанија и да создаде една средновековна албанска држава. Меѓутоа, една таква мала држава не беше во состојба да се спротивстави на турските сили. Со својата далекувидна политичка способност, тој увиде потреба од соединување на сите албански феудалци во една единствена сила, да ги соедини сите албански маси во борбата против турските освојувачи. За да ја оствари оваа своја замисла, Скендербег стапи во врска со други истакнати албански феудалци и за пролетта 1444 година свика еден собир во Леш. Скупштината во Леш се одржа на 2 март 1444 година, на која дојде до израз желбата за единство. Скендербег успеа да ги соедини сите албански феудалци, кое нешто, за тоа време, било многу тешко и да се замисли. Тие формираа Албанска лига и го признаа Скендербег за свој водач и управувач. Сите феудалци му изразија послушност и потчинетост. На тој начин Скендербег успеа да ги соедини сите феудалци и сите краишта со албанско население, со исклучок на крајиштата што ги држеа Млетците.

После ова, тој устроил народна армија, која броеше 12—15 илјади војници. Народниот карактер на албанската армија беше еден од важните фактори за нивните победи врз надмоќната турска војска. Скендербег нареди да се зацврстат и преуредат постоечките тврдини, а исто така и да се изградат нови, кои би служеле како одбранбена система од турското навлегување во нивните земји. Со овие соединети снаги тој можеше да пружи оружен отпор на турската војска за 25 години, од 1443—1468, и да не дозволи поробување на Албанија, макар што турската војска беше бројно и технички надмоќна. За четврт век тој изво-

јува многу победи над турската војска и со тоа се прослави како најталентиран воен раководител и како најзначајна историска личност во средновековната албанска историја.

Отпорот што го даваше албанскиот народ во овој период е толку позначаен, кога се знае дека толку во ова време Турците настојуваат конечно да ги покорат балканските народи и да ја уништат Византиската империја. Во истото време Турците се спремаа за освојувања и во Европа. Борбите што ги водеше албанскиот народ, под раководство на Скендербег, значеа голем придонес не само во одбрана на Балканскиот, Полуостров, туку и одолговлечување на продирањето на турските војски кон Европа.

Не само што за албанската територија беа приврзани стотина илјади турски војници, туку во борбите со Скендербег беа ангажирани самите турски султани. Во јуни 1448 година самиот султан Мурат се стави на чело на својата војска и дојде под Светиград. Во 1450 година тој повторно дојде со војска под тврдината на Круја, но како што вели Маркс, „Мурати II се врати со срам од Круја" Со една ваква експедиција против Скендербег тргна и Мехмет II. По освојувањето на Цариград, тој во јули 1467 година по трет пат ја опколи тврдината на Круја, истовремено нападнувајќи ги Драч и Скадар, меѓутоа се врати во Цариград без некој позначаен успех.

Овде е значајно да се напомене дека во текот на борбите против турската војска, Скендербег требеше да се бори и против Млетачката република, која на секој начин настојуваше да ја ослаби Албанската лига создадена во Леш. Млетците се плашеа од јакнењето на оваа Лига, поради нивните поседи што ги држеа на албанската територија. Поради ова, млетачкиот Сенат стапи во добри пријателски односи со Турција, за да го оневозможи јакнењето на слободна Албанија. Млетачко албанските односи се заостриа толку што, во 1447 година, дојде и до оружен судир за град Дањ. Млетачкиот сенат настојуваше физички да го ликвидира Скендербег, заради што распиша и пензија од 100 дукати годишно за убиецот.

Меѓутоа, Скендербег одржуваше добри односи со низа држави, како, на пр., со неаполскиот крал Алфонс V, со папата и со Иван Црнојевиќ, кој учествуваше и на лешката скупштина од 1444 година. Добри односи одржуваше со Дубровник, со Босна и со Јанко Хуниади, кој во 1448 година со својата војска стигна на Косово, но овде беше разбиен од турската војска а тој беше затворен од страна на Ѓураѓ Бранковиќ.

Славата за Скендербег и за неговите борби се ширеа низ Европа, токму во времето кога европските феудалци беа зафатени со меѓусебните борби и не можеа да ги соединат силите против азискиот освојувач. Па токму заради тоа околу Скендербег се исплетени разни легенди, а неговата личност стана легендарна за целиот христијански свет.

На место е да се подвлече дека Скендербег, син на еден голем феудалец, се претворува во водач на народните маси и целиот свој живот го посветува на тие маси и на нивната слобода. Неговата цел не беше само да ги одбрани народните маси од турските напади, туку и да ги

соедини во еден единствен народ. Сакајќи да дејствува како народен водач, а не како феудален шеф, тој предизвика незадоволство кај некои поистакнати албански феудалци, кои сакаа да воспостават апсолутна власт во краиштата што тие ги управуваа, а кои беа готови да дезертираат во најкритичните моменти во борбата против Турците.

На 17 јануари 1468 година, кога Скендербег се спремаше да учествува на второто заседание на Лешката скупштина, тој почина во својата 63 година, предизвикувајќи голема жалост кај албанските маси и кај христијанскиот свет. По неговата смрт, Турците успеаја за неколку години да ја потчинат цела Албанија.

Борбите што ги водеше Скендербег, кои така убаво ги опеа големиот македонски поет Григор Прличев во својата поема „Скендербег", уште повеќе ги зацврстија борбените традиции на албанскиот народ, кој и понатаму се борел за својата слобода и независност до конечното ослободување од турската феудална власт.

*Т. Панговски*

## КОН БИОГРАФИЈАТА НА СТРАШО ПИНЏУР

Страшо Пинџур е роден 1915 година во Ваташа (Кавадарско), од мајка Менче и татко Димче. (Според свидетелствата за завршена гимназија и дипломата за завршен Правен факултет, роден е во Струмица на 15. III. 1915 год.). Татко му загинува во I светска војна, па така Страшо Пинџур ги поминува најраните години од своето детство кај својата баба во Ваташа, при што ја почувствувал сета тежина од загубата, бедата и немаштината. Според податоците на неговиот биограф Коле Чашуле, Страшо се одликувал со бистрина, работливост, снаодливост и храброст, а во понапредните години со буен нарав, отворен и искрен пред луѓето, непомирлив спрема лагите, клеветите и лицемерите. При формирањето на овие карактерни особини влијаела неговата баба и средината во која живеел. Страшо сакал да ги разбере причините за сиромаштијата и често ги поставувал овие прашања: „зошто сме сиромаси", „како да се затре коренот на сиромаштијата" и „зошто Македонија е проколнета и дали до веки". Одговор на овие прашања не нашол ниту кај својата учителка во Ваташа, ниту пак во школските книги.

По завршувањето на основното училиште во Ваташа, Страшо продолжува со натамошно школување во Кавадарци, каде што ја завршува Мешовитата граѓанска школа, а потоа како „државен питомец" завршува IV клас реална гимназија на нискиот курс во Горни Милановац, V клас во Неготин, а VI, VII и VIII клас, со положен матурски испит, во машката реална гимназија во Крагуевац. Како гимназијалец во Крагуевац доаѓа во допир со истомисленици, се поврзува со партиската организација и преку партиски канали добива марксистичка литература. Потоа учествувал и во тарифниот штрајк на пролетаријатот во Крагу-